**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 483 од Законот за трговски друштва, член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банката), на седница одржана на 04.05.2023 година ја донесе, следната:

**ОДЛУКА**
**за употреба и распоредување на утврдената добивка**
**за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

1.Добивката по годишната сметка за 2022 година на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| Данок на добивка | МКД | 33,147,262.00 |
| Добивка по оданочување | МКД | 341,256,332.00 |
| Вкупно: | МКД | 374,403,594.00 |

2.Утврдената добивка по оданочување по Годишната сметка за 2022 година, на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ќе биде распоредена на следниот начин:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Вложувања во инвестиции (реинвестирана добивка) | МКД | 50,000,000.00 |
| 2 | Камата по перпетуална обврзница | МКД | 31,584,702.00 |
| 3 | Дивиденди | МКД | 154,500,000.00 |
| 4 | Останати резерви | МКД | 105,171,630.00 |

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.
04.05.2023 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

**Образложение**
**кон Предлог - Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на УНИбанка АД Скопје за 2022 година**

Како резултат од работењето во 2022 година УНИбанка АД Скопје оствари добивка пред оданочување во износ од 374.403.594,00 денари. По одбивање на данок на добивка во износ од 33.147.262,00 денари, останува добивка по оданочување во износ од 341.256.332,00 денари.

Се предлага утврдената добивка по оданочување во износ од 341.256.332,00 денари да се распредели и тоа: дел за вложување во инвестиции (реинвестирана добивка), дел за исплата на камата по перпетуалната обврзница, дел за исплата на дивиденда на акционерите во износ од 154.500,000.00 денари и дел за останати резерви во износ од 105,171,630.00 денари.